57/44

Република Северна Македонија
**Министерство за култура**
Сектор за управен и инспекциски надзор

Republika e Maqedonisë së Veriut
**Ministria e Kulturës**
Sektori i Mbikëqyrjes Administrative dhe Inspektuese


НАЦИОНАЛНА УСТАНОВА
ЗАВОД ЗА ЗАШТИТА НА СПОМЕНИЦИТЕ
НА КУЛТУРАТА И МУЗЕЈ-БИТОЛА

| Примено | 08-08-2025 | | |
|---|---|---|---|
| Организациона единица | Број | Прилог | Вредност |
| 03 | 444/1 | | |


# ЗАПИСНИК
## за извршен инспекциски надзор
Ип 1 бр. 57-72/2024
Датум: 05.08.2024 година

1) Податоци за субјектот на инспекцискиот надзор

| | |
|---|---|
| Назив на субјектот на надзор | РСМ, Национална установа- Завод за заштита на спомениците на културата и Музеј – Битола |
| Седиште/адреса на субјектот | Ул. „Климент Охридски“ бр. 18 – Битола |
| Адреса за е-пошта | bitolamuseum@gmail.com |
| Телефон | 047 233 187 |
| Матичен број на субјектот | 4012232 |
| Даночен број на субјектот | 4002981102913 |
| Број на жиро сметка на субјектот | 180100991160311 |
| Банка депонент | Народна банка на РСМ |

Одговорно/и лице/а на субјектот:

| Име и презиме: | Телефон | Е-пошта |
|---|---|---|
| , директор | | |

2) Податоци за инспекцискиот надзор

| Вид на инспекциски надзор | 1. РЕДОВЕН | 2. ВОНРЕДЕН | **3. КОНТРОЛЕН** |
|---|---|---|---|
| Датум на почеток на инспекцискиот надзор | 31.07.2025 г. | Време на почеток на инспекцискиот надзор | 11.00 |
| Датум на завршување на инспекцискиот надзор | 01.08.2025 г. | Време на завршување на инспекцискиот надзор | 15.00 |
| Назив на објектот каде се врши надзорот | РСМ, Национална установа- Завод за заштита на спомениците на културата и Музеј – Битола | | |
| Главна дејност на објектот каде се врши надзорот | Дејности на музеи и збирки (шифра 91.210) | | |
| Адреса на објектот каде се врши надзорот | Ул. „Климент Охридски“ бр. 18 – Битола | | |



Министерство за културана
Република Северна Македонија
Ministria e Kulturës e
Republikës së Maqedonisë së Veriut

Ул. „Ѓуро Ѓаковиќ“ бр. 61, Скопје
Република Северна Македонија
Rr."Gjuro Gjakoviq" nr.61, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut

+389 23240 643 и
075/273-066
www.kultura.gov.mk

3) Инспекцискиот надзор е извршен по службена должност со цел да се утврди дали НУ-Завод за заштита на спомениците на културата и Музеј – Битола **(во натамошниот текст: Завод)**, по истекот на рокот определен во инспекцискиот акт, има постапено по Решението Ип 1 бр. 57-72 од 29.08.2024 година. Надзорот е предвиден во Месечниот план бр. 57-953/7 од 05.08.2025 г., за работа на Секторот за управен и инспекциски надзор на Министерството за култура и туризам за месец август 2025 година.

4) Инспекцискиот надзор е извршен од: Зоран Маркозанов, виш инспектор при Секторот за управен и инспекциски надзор во Министерството за култура и туризам на РСМ **(во натамошниот текст: СУИН на МКТ)**.

5) Предмет на инспекцискиот надзор е да се утврди дали Центарот за култура, по истекот на рокот определен во инспекцискиот акт, има постапено по Решението Ип 1 бр. 57-72 од 29.08.2024 г., донесено од инспекторот за култура, а со кое што се опоменува Заводот да ги отстрани неправилностите утврдени со Записникот од извршен вонреден инспекциски надзор, Ип. 1 бр. 57-72 од 29.08.2024 година и тоа:

- Годишната програма за работа на НУ Завод за заштита на спомениците на културата и музеј-Битола да се донесува согласно со член 28 став (2) т. 3 и член 70 став (7) од Законот за културата, според коишто програмата ја донесува директорот на установата, по претходна согласност на управниот одбор на установата, и тоа во рок од 15 дена од денот на донесување на решението на министерот за култура по проектите од нацрт-годишната програма за работа на установата.

- Исплатата на надоместокот за теренски додаток на вработените, да се исплаќа согласно со член 76 од Колективниот договор за културата (Сл. Весник на РСМ бр. 10/20), во којшто е наведено дека „работникот, врз основа на решение со кое се упатува за работа на терен, во најмалку три последователни денови, има право на надомест за теренски додаток“, односно, теренски додаток да не се исплаќа во случаи кога работникот не е на работа на терен најмалку три последователни денови.

- Дневниците за патување во странство да се пресметуваат согласно со член 13 од Уредбата за издатоците за службени патувања и селидби во странство што на органите на државната управа им се признаваат во тековни трошоци („Сл. весник на РМ“ бр. 50/00, 64/01, 110/08, 82/10, 12/12, 05/13, 1/14 и 90/14), во којшто е наведено дека „ако за службено патување се користи авион, дневницата се пресметува од часот на полетувањето на авионот од РМ до часот на враќањето на авионот во РМ“.


Министерство за културана
Република Северна Македонија
Ministria e Kulturës e
Republikës së Maqedonisë së Veriut
Ул. „Ѓуро Ѓаковиќ“ бр. 61, Скопје
Република Северна Македонија
Rr."Gjuro Gjakoviq" nr.61, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut
+389 23240 643 и
075/273-066
www.kultura.gov.mk

6) Во извршувањето на овој инспекциски надзор не се употребени листи за проверка од причина што е во прашање контролен инспекциски надзор.

7) За време на извршувањето на инспекцискиот надзор, субјектот на надзор беше претставуван од:

| Име и презиме | Телефон | Е-пошта |
|---|---|---|
| , директор | | |

8) За време на извршувањето на инспекцискиот надзор учествуваа и лицата:

| Р.бр. | Име и презиме/својство | Телефон |
|---|---|---|
| 1. | сметководител – советник за финасиско работење | |
| 2. | благајник | |
| 3. | технички секретар со договор на дело | |

9) Инспекторот кој го изврши инспекцискиот надзор, пред почетокот на надзорот, ги презентираше целите и предметот/опфатот на инспекцискиот надзор и ги објасни правата и обврските на субјектот на надзорот.

Поради природата и околностите на инспекцискиот надзор, записникот е составен во службените простории на СУИН на МК во согласност со член 82 став (3) од ЗИН.

10) Во инспекцискиот надзор се констатирани следните наоди за утврдената фактичка состојба:

10.1 Согласно со член 29 став (1) и (2) и член 30 став (2) од Законот за културата **(во натамошниот текст: ЗК)**, по пат на јавен оглас, со Решение на министерот за култура и туризам бр. 44-6535/2 од 02.07.2025 г., е избрана за директор на Заводот, со мандат од 4 години. Претходно, со Решение на министерот за култура бр. 44-8041/2 од 05.09.2024 г., за в.д. директор на Заводот бил именуван , додека со Решение на министерот за култура бр. 44-2302/1 од 03.03.2025 г., за в.д. директор на Заводот повторно бил именуван од редот на вработените, со мандат до изборот на директор, а најдоцна за шест месеци..

10.2 При надзорот од страна на присутните лица е презентирана следната документација:

- Решение за работа на НУ „Завод и музеј"-Битола за 2025 г., бр. 01-181/9 од 21.03.2025 г., донесено од страна на директорот на установата и Одлука на Управниот одбор на установата за прифаќање на Годишната програма за работа на НУ „Завод и музеј"-Битола за 2025 г., бр. 02-181/4 од 21.03.2025 година. Притоа, од страна на инспекторот беше укажано дека, согласно со член 70 став (7) од Законот за културата, директорот на установата донесува програма за работа, а не решение.

- Повеќе договори и списоци за исплата на надомест на теренски додаток на вработени коишто, врз основа на решение на директорот, се упатувани на работа на терен заради реализација на проекти. Од документацијата е утврдено дека теренскиот додаток се исплаќа само доколку работата се одвива во најмалку три последователни денови, за што, согласно со член 76 од Колективниот договор за културата (Сл. Весник на РСМ бр. 10/20), вработените имаат право на надомест за теренски додаток.

- Повеќе патни налози и авиобилети за вработени за службени патувања во странство, од коишто е констатирано дека дневниците за патување во странство се пресметуваат и исплаќаат согласно со член 13 од Уредбата за издатоците за службени патувања и селидби во странство што на органите на државната управа им се признаваат во тековни трошоци („Сл. весник на РМ" бр. 50/00, 64/01, 110/08, 82/10, 12/12, 05/13, 1/14 и 90/14), во којшто е наведено дека „ако за службено патување се користи авион, дневницата се пресметува од часот на полетувањето на авионот од РМ до часот на враќањето на авионот во РМ".

**- Оттука, врз основа на утврдената фактичка состојба при контролниот инспекциски надзор се констатира дека не се утврдени неправилности во работењето на субјектот на надзор, односно дека субјектот на надзорот има постапено по инспекцискиот акт - Решение со опомена Ип 1 бр. 57-72 од 29.08.2024 г., поради што, инспекторот ја запира постапката во согласност со член 83 став (5) од Законот за инспекциски надзор.**

11) Со содржината на овој записник и со утврдената фактичка состојба е запознаен субјектот на надзорот, кој ИМАШЕ/НЕМАШЕ забелешки.

12) Забелешки на претставникот на субјектот на надзорот:

____________________________________________________________

____________________________________________________________


Министерство за културана
Република Северна Македонија
Ministria e Kulturës e
Republikës së Maqedonisë së Veriut

Ул. „Ѓуро Ѓаковиќ" бр. 61, Скопје
Република Северна Македонија
Rr."Gjuro Gjakoviq" nr.61, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut

+389 23240 643 и
075/273-066
www.kultura.gov.mk

| | | | |
|---|---|---|---|
| Потпис на претставникот на субјектот на надзор:<br><br>директор | | Печат и потпис на инспекторот за култура:<br>Зоран Маркозанов, виш инспектор | |
| Датум: | 08.2025 г. | Датум: | 05.08.2025 г. |



Министерство за културана
Република Северна Македонија
Ministria e Kulturës e
Republikës së Maqedonisë së Veriut

Ул. „Ѓуро Ѓаковиќ " бр. 61, Скопје
Република Северна Македонија
Rr."Gjuro Gjakoviq" nr.61, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut

+389 23240 643 и
075/273-066
www.kultura.gov.mk